Потоа, навистина, ќе бидете прашани тој Ден за благодатите

Од Ез-Зубејр ибн ел-Авам, радијаллаху анху, се пренесува, дека рекол: Кога беше објавен ајетот: „Потоа, навистина, ќе бидете прашани тој Ден за благодатите.“ (Сура Ет-Текасур, 8), Ез-Зубејр, радијаллаху анху, рекол: — „,О, Аллахов Пратенику, за кои благодати ќе бидеме прашани, кога ние ги имаме само (двете црни нешта) — урми и вода?‘ Тој одговорил: — ‚Навистина, тоа (прашувањето) сигурно ќе се случи.‘“

[حسن] [رواه الترمذي وابن ماجه]

Кога беше објавен ајетот: „Потоа, навистина, ќе бидете прашани тој Ден за благодатите.“ — значи дека луѓето ќе бидат прашани дали покажале благодарност за благодатите што Аллах им ги дарувал. Ез-Зубејр ибн ел-Авам, радијаллаху анху, рекол: — О, Аллахов Пратенику, за какви благодати ќе бидеме прашани?! Ние имаме само две благодати кои, според нас, не заслужуваат да бидат предмет на прашање — урмите и водата! Тогаш Пратеникот рече: — Навистина, ќе бидете прашани за благодатите, дури и во оваа состојба во која се наоѓате, зашто и тие две се големи благодати од благодатите на Возвишениот Аллах.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65075